Врз основа на член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија”, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19), член 32 став 4 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11), член 6 и член 18 став 1 алинеја 1 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје бр. 0202-764 од 13.06.2016 година, Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје на седницата одржана на 25.03.2019 година ја донесе следната

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Во Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје бр. 0202-764 од 13.06.2016 година во членот 2 став 2 зборовите „Централниот регистар на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Централниот регистар на Република Северна Македонија“.

**Член 2**

Во членот 4 зборовите „Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Владата на Република Северна Македонија“.

**Член 3**

Во членот 5 став 1 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 4**

Во членот 7 став 2 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 5**

Во членот 18 став 1 алинеја 5 зборовите „Фондот за здравственото осигурување на Македонија“ се заменуваат со зборовите „Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија“.

**Член 6**

Во членот 28 став 2 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 7**

Во членот 30 став 3 алинеја 14 зборовите „Фондот за здравственото осигурување на Македонија“ се заменуваат со зборовите „Фондот за здравственото осигурување на Република Северна Македонија“.

**Член 8**

Во членот 51 став 2 зборовите „Црвениот крст на Македонија“ се заменуваат со зборовите „Црвениот крст на Република Северна Македонија“.

**Член 9**

Во членот 62 зборовите „Централниот регистар на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Централниот регистар на Република Северна Македонија“.

**Член 10**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на установата, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за здравство.

број 0202-674/1

датум 25.03.2019

**ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА - СКОПЈЕ**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**претседател**
проф. д-р Дијана Никодијевиќ
/ име и презиме /

/ своерачен потпис /

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 57 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19) и член 4 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, основач на установата е Владата на Република Северна Македонија. Согласно член 9 став 8 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/05, 120/05 и 51/11), установата може да го измени називот на установата само во согласност со основачот.

Согласно член 6 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, установата може да го промени видот, називот и седиштето, како и да изврши статусни измени (спојување, припојување, поделба или издвојување) само по претходна одлука на основачот, а согласно член 18 став 1 алинеја 1, Управниот одбор донесува статут и други општи акти на установата и го следи нивното извршување.

Согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 123-тата седница одржана на 25 февруари 2019 година, содржан во Извадокот од Нацрт-записникот од наведената седница заведен со бр. 45-1656/1 и 45-1658/1 од 25 февруари 2019 година, се задолжуваат, односно им се укажува и препорачува на сите институции, да извршат промена во своите називи и да извршат промена на основачките акти, согласно амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, се задолжува Централниот регистар на Република Северна Македонија да изврши промена на називите на институциите согласно Листата дадена во Прилог 1 од Извадокот од Нацрт-записникот.

Согласно заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 124-тата седница одржана на 5 март 2019 година, содржан во Извадокот од Нацрт-записникот од

наведената седница заведен со бр. 45-1867/1 од 5 март 2018 година, се задолжуваат сите органи на државната управа и останатите институции кои немаат статус на органи на државна управа да постапуваат согласно насоките дадени во Прилог 1 од Извадокот од Нацрт-записникот, при што една од насоките од значење за донесување на оваа Статутарна одлука е дека доколку во документот се реферира, односно се зборува за настани кои се случиле пред 12.02.2019 или пак за документи што се издадени пред овој датум, во текстот оригиналниот документ се цитира со претходното уставно име на државата но, во останатиот текст на документот кој се изготвува задолжително се употребува уставното име на Република Северна Македонија.

Во постапување по овие заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, како основач на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, а согласно член 9 став 8 од Законот за установите и член 6 од Статутот на установата, се донесува оваа Статутарна одлука за изменување на Статутот во деловите кои се однесуваат на името на државата како дел од називот на установата и во сите делови на Статутот каде што името на државата е утврдено како дел од неговиот нормативен текст, како и во деловите кои се однесуваат на имињата на другите институции содржани во текстот на Статутот чии промени во називите се утврдени од Владата, додека реферирањето и наведувањето на документите што се издадени пред наведениот датум не се предмет на оваа одлука.